Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
KËSHILLI BUXHETOR GJYQËSOR

Ул.“Македонија“бр.5,1000 Скопје|тел. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk
Rr.”Makedonia”nr.5,1000 Shkup/tel. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk

Бр.Nr 02-1093/21
02.07.2024
Скопје/Shkup

Врз основа на член 4 став 3, член 8 став 2 и член 9 алинеја 2 од Законот за судски буџет (Сл. весник на РМ бр.60/03, 37/06, 103/08 и 145/10) и доставените Известување и барање за одобрување средства од ОС Велес Су.03-379/16 од 19.02.2024 год, Известување од ОС Велес Су-02.бр.2/24-6 од 29.04.2024 година и Известување од ОС Велес Су-05.бр.62/23-20 од 28.05.2024 год., за одобрување на дополнителни средства за исплата на извршни решенија, Судскиот буџетски совет на 230 седница одржана на ден 27.06.2024 година донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА НА ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС**

1. Се одобруваат дополнителни средства на Основниот суд Велес, во износ од 2.000.000 денари, за исплата на извршни решенија.
2. Средствата се обезбедуваат од Буџетот на РСМ за 2024 година, во раздел 29010 – Судска власт, програма 20 – Судска администрација, ставка 421 – Комунални услуги, на сметка 603-буџетска сметка на Основен суд Велес.
3. Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение

Основниот суд Велес до Судскиот буџетски совет достави Известување и барање за одобрување средства од ОС Велес Су.03-379/16 од 19.02.2024 год, Известување од ОС Велес Су-02.бр.2/24-6 од 29.04.2024 година и Известување од ОС Велес Су-05.бр.62/23-20 од 28.05.2024 год. за одобрување на дополнителни средства за исплата на извршни решенија во износ од 7.901.011 деанри.

Судскиот буџетски совет на својата 230 седница одржана на ден 27.06.2024 година ги разгледа барањето и известувањата од Основниот суд Велес, при што донесе одлука за делумно одобрување на бараните дополнителни средства во износ од 2.000.000 денари на сметка 603-буџетска сметка на Основен суд Велес.

За останатиот дел од бараните средства Советот донесе посебен заклучок.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Весна Дамева**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
KЁSHILLI BUXHETOR GJYQЁSOR

Ул.“Македонија“бр.5,1000 Скопје|тел. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk
Rr.”Makedonia”nr.5,1000 Shkup/tel. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk

Бр.Nr. 02-1093/22
02.07. 2024 год.
Скопје/Shkup

Врз основа на член 6 став 2, член 8 став 2 од Законот за судски буџет (Сл.весник на РМ бр.60/03, 37/06, 103/08 и 145/10), член 11 став 4 од Деловникот за работа на СБС (Сл.весник на РМ бр.89/14), во врска со доставените доставените Известување и барање за одобрување средства од ОС Велес Су.03-379/16 од 19.02.2024 год, Известување од ОС Велес Су-02.бр.2/24-6 од 29.04.2024 година и Известување од ОС Велес Су-05.бр.62/23-20 од 28.05.2024 год. за одобрување на дополнителни средства за исплата на извршни решенија, Судскиот буџетски совет на својата 230-та седница одржана на ден 27.06.2024 година го усвои следниот:

**З А К Л У Ч О К**

- Останатиот износ на побарувани средства од Основен суд Велес за исплата на извршни решенија кои не се обезбедуваат со донесената Одлука за одобрување на дополнителни средства на Основен суд Велес од 27.06.20224 година, во износ од 5.901.011 денари да се предвиди од сметката на сопствени приходи на ОС Велес (631) како барање за најавениот ребаланс на буџетот и по одобрување на средствата истите да бидат исплатени.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Весна Дамева**